**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

| Примено: Pranuar: | | 10.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2674/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
3. **Период опфатен со надзорот:** 28 мај 2024 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јуни 2024 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (*Импресум*);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 24.11.2023 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми (ЗМ), Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-365) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (20.12.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.*

7. **Констатации од надзорот:**

Контролниот административен надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на локално ниво, на 28 мај 2024 година – **не може фактички да се спроведе, затоа што радиодифузерот освен музички спотови не емитуваше никаков друг вид програма со новинарски и со уредувачки ангажман**.

***Белешка**: Повеќемесечното одложување на контролниот надзор пред сè се должи на технички причини: ДТС Кабелкал ДООЕЛ од Кичево, операторот на јавната комуникациска мрежа преку која ТВ Гурра ја емитува програмата, не го доставуваше сигналот на телевизијата до системот за снимање на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), а од средината на февруари до*

*средината на мај 2024 година, мониторингот на АВМУ беше целосно ангажиран на медиумското известување за Претседателските и за Парламентарните избори.*

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка:**

Програмскиот сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 28 мај 2024 година, беше составен исклучиво од музички спотови, поради што не може да се спроведе фактички контролен надзор за емитувањето импресум, што е обврска според член 14 од Законот за медиуми.

Ова е индиција дека ТВ Гурра не го почитува членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*), поради што Агенцијата по службена должност ќе спроведе еднонеделен вонреден надзор за исполнувањето на програмскиот концепт врз основа на кој ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево добило дозвола за телевизиско емитување на локално ниво.

***Сектор за програмски работи***